ПРВ СКОПСКИ
ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2019

СНЕЖАНА ЈАНКОВИЌ
БОЈАН ЃОШЕВ

Содржина на документот

1. Историја и вовед 2
1.1 Кратка историја за извидништвото 2
1.2 За нас 3
1.3 Мисија и цел 3
1.4 Завет и Извиднички закони 3
2. Преглед на активностите во 2019 година 4
2.1 Еднодневни активности организирани од ПСИО 4
2.2 Повеќедневни настани организирани од ПСИО 8
2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО 10
2.4 Меѓународни активности посетени од ПСИО 10
2.5 Национални активности посетени од ПСИО 11
3. Новости во ПСИО 13
4. Проекти 14
5. ПСИО во медиумите 18
6. Волонтери во ПСИО 22
7. Финансиски извештај 23

1. Историја и вовед

1.1 Кратка историја за извидништвото

Основачот на Светската Организација на Скаутското Движење (WOSM) е лорд Роберт Стивенсон – Смит Баден Пауел од Гилвел – БП, роден на 22.02.1857 година во Лондон –Англија, (како шесто дете од вкупно десет деца). Останал без татко кога имал само 3години.Првото образование го добил од својата мајка а подоцна го посетувал училиштето Rose Hill School. Таму добива стипендија и образованието го продолжува (на 13 годишна возраст)во колеџот Чартрхаус. Според крајните резултати БП немал високи оценки во училиштето. Неколку години по завршување на колеџот БП пристапува во армијата каде што го примаат во конкуренција од 700 кандидати. По завршување на академијата во 1876 година на 19годишна возраст, го испраќаат како поручник во Индија. Таму тој останува цели 10 години каде што развива свои вештини да набљудува, да се крие, да живее под отворено небо, да се грижи сам за себе. Подоцна заминува во Јужна Африка, од 1899-1901 година само со илјада војници под своја команда каде БП успешно ја води одбраната на градот Меифкинг. Градот е ослободен по пристигнувањето на воената помош, а БП епрогласен на национален херој. На 42 годишна возраст унапреден е во генерал-мајор. Ја организира полицијата во чиј состав влегуваат луѓе кои се способни да се движат по траги, да прават скици на места и објекти, да набљудуваат,да забележуваат и да работат со чувство на одговорност. Врз основа на стекнатото искуство ја напишал својата прва книга „Помош за извидништво“ (AIDS TO SKAUTING).Пишувал и за тамошните деца кои му помагале за пренесување пораки, давајќи прва помош на ранетите и на многу слични начини. Во тоа ја препознал желбата на момчињата да направат нешто корисно, активно да придонесат за својата земја и за нивната желба за авантура. Следниот чекор го направил на 29 Јули 1907 година со 22 (дваесет и две)момчиња- синови на свои пријатели и деца од квартот каде живеел, БП оди на кампување на островот Браунси во заливот Пуул кај Дерсет-Јужна Англија. Тој е првиот скаутски камп,кој било предвидено да трае 7 дена но продолжил и траел 10 дена, затоа што момчињата не сакале да се вратат дома. Целта на кампот била момчињата да зајакнат физички и да се научат да помагаат на другите, како да се прехранат во природа, сами да бараат и да откриваат. Ги поделил во четири патроли: Бикови, Гаврани, Овни и Волци. Импресиониран од воодушевувањето на децата кои биле во кампот сето тоа го публикувал по една година(1908) во книгата „Извидништво за момчиња“(SCOUTING FOR BOYS). Во 1929 година зазаслугите што ги имал за младите во светот воопшто, од Британската круна ја добива титулата барон и станува познат како Лорд Баден Пауел од Гилвел. Неговата сопруга во 1930 година е избрана за претседателка на Светското женско скаутско движење. Двајцата биле родени на ист датум 22.02 и по тој повод од 1926 година овој датум се прославува како Светски ден на извидниците, познат под името ден на Баден Пауел односно Thinking Day.Тој се разделува од движењето во 1937 година за време на Светското Џамбори во Холандија пред 28 000 илјади извидници од целиот свет. Заминува во градот Ниери , Кенија каде умира на 08 Јануари 1941 год. а, последните зборови му биле БИДИ ПОДГОТВЕН (термин кој станал поздрав на извидниците).

1.2 За нас

Прв Скопски Извиднички Одред (ПСИО), уште познат како ИО Маршал Тито, е најстариот извиднички одред во Република Македонија. Формиран е есента1952 година, за подоцна во 1953година да се регистрира во Сојуз на Извидници на Македонија(СИМ). Во текот на годините ПСИО го има променето своето име во чест на некогашниот претседател на тогашна СФР Југославија Маршал Јосип Броз Тито, но по осамостојувањето на Република Македонија извидничкиот одредот го враќа примарното име во Прв Скопски Извиднички Одред.ПСИО е дефиниран како невладина организација, самостојна, неполитичка, непрофитна,доброволна и воспитна организација за деца и млади, отворена за сите без оглед на националната или верската припадност. ПСИО е дел од Светското извидничко движење(WOSM) и како таков опстојува и се темели на основните вредности на Извидништвото.Во нашето извидничко друштво, членуваат преку 120 активни извидници кои се категоризирани во повеќе возрасни групи. Извидниците од 7 до 10 години се во група на јато и се нарекуваат развигорци, од 11 до 14 години тие влегуваат во патрола и се нарекуваат помлади извидници, од 15 до 21 година формираат младински клуб на извидници и се нарекуваат истражувачи и над 21 година извидниците се нарекуваат ровери. Во ПСИО извидниците се распределени во 5 јата, 4 патроли, 2 клуба на средношколци и 1 клуб на ровери кои се водени од свои водачи, волонтери.

1.3 Мисија и цел

Мисијата на извидничкото движење е да се придонесе во образованието на младите, преку систем на вредности врз основа на извидничиот Завет и Закони, да помогнат да се изгради еден подобар свет, каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството. Ова се постигнува со вклучување на младите во неформалниот образовен процес преку користење на специфичниот извиднички метод што го прави секој поединец главен агент во неговиот или нејзиниот развој. Мисијата е усвоена на Светската Извиднички конференција во Дурбан, Јужна Африка во 1999 година.Целта на ПСИО е да влијае врз физичкиот, афективен, креативен и социјален развој на децата и младите преку извидничкиот метод кој се темели врз завет и закони, учење преку работа, личен развој, работа во мали групи, поддршка од возрасните, симболичка рамка и сето ова преку следење на основните извиднички принципи:

1.Обврска кон себе
2.Обврска кон другите
3.Обврска кон духовниот развој

1.4 Завет и Извиднички закони

Завет
„Давам чесен збор, дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина, дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе им помагам на луѓето, дека ќе живеам и работам по извидничките закони“.

Развигорски закони:

1.Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен;
2.Развигорецот ги почитува своите родители и постарите;
3.Развигорецот добро учи, вреден е и несебичен.

Извиднички закони:

1.На извидникот му е чест да му веруваат
2.Извидникот е корисен
3.Извидникот е добар другар
4.Извидникот е учтив
5.Извидникот е оптимист
6.Извидникот е верен и одговорен
7.Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења
8.Извидникот ја цени природата
9.Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности
10.Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата

2. Преглед на активностите во 2019 година

ПСИО во 2019 година зема активно учество, како и реализација на многу активности, чија цел беше промоција на извидниците како дел од општеството кое се грижи и создава здрава околина за граѓаните, едукација на децата и младите, како на локално, така и на национално ниво, младинска застапеност, стекнување на нови вештини и создавање подобар свет.

2.1 Еднодневни активности организирани од ПСИО

1. Свечено давање извиднички завет - 14.01.2019 година

Традиционално на секое извидничко зимување така и на ова, новите извидници свечено дадоа Извиднички завет и чесен извиднички збор дека ќе живеат и работат по извидничките закони. Во ПСИО извидниците мора да се членови најмалку 3 месеци за да дадат завет, на својот врат да ја стават ПСИОвската марама и да го изгорат дрвцето напишано со своето име. Ви честитаме извидници и ви посакуваме секогаш да бидете подготвени за нов и многу друго.

2. Волонтерски акции по повод Светскиот ден на извидниците 22 Февруари

По повод 22ри февруари, Денот на извидниците, извидниците од ПСИО реализираа активности на локално ниво под мотото "Направи добро дело":

1. Собирање отпад на Водно – од полициската станица до врв.

Наполнија повеќе од десет- 110 литарски вреќи отпад на првите 300 метри, зачудени и вознемирени КАКО МОЖЕ НЕКОЈ ТОЛКУ ЛАДНО ДА ФРЛА ОТПАД ВО ПРИРОДА...Најмногу се собраа пластични шишиња, чаши од кафиња, лименки. Со оваа група извидници беа нашите водачи Бојан Ѓошев – јато Бамбуси , Владимир Камбовски и Ивана Манчевска – јато Коприви, на кои им беше навистина тешко да им објасната на децата зошто некој кој оди на планина и ја сака природата фрла ѓубре.

Линк до албум со фотографии

2. Посета на полициските станици, противпожарна и брза помош

Патролите Мармазети и Бувови со водачите Димитар Чакар и Иван Велкоски оваа година за добро дело решија да ги посетат полициските станици, противпожарна и брза помош со цел да им посакаат убав и мирен ден и да им подарат домашни колачи со пораки. Тие се луѓето кои се грижат за сите граѓани и најмалку што можеме ние како извидници е да ги посетиме и да им украдеме по некоја насмевка. Прекрасно е чувството на среќа кога ќе направиш некого среќен – а за тоа не треба да се бара посебна причина, многу е лесно. Секако имаше колачиња и за останатите грѓани кои ги среќававме по пат кон овие институции. Огромна благодарност до родителите – волонтери кои помогнаа при правење на колачите.

Линк до албум со фотографии

3. Фрабање на фасадата на детската градинка Мајски Цвет – Тафталиџе 1

На 16 февруари направивме навистина добро дело и корисно за нашата заедница. Како таргет ја имавме детската градинка Мајски цвет во Тафталиџе 1 - која со година ги пречекува децата со уништена исшкртана фасада од несовесни деца и млади. За таа цел се споија јато Бонсаи со својот водач Софија Илиевска и патрола Кобаја, водена од Снежана Јанковиќ, како и Старешината на одредот Зоран Шиљковски и заеднички успеавме да го смениме целиот изглед на градинката. Огромна благодарност до директорката на градинката и останатиот персонал кои беа со нас да ни помогнат и да дадат свои идеи како би сакале да изгледа фасадата. Резултатот е фантастичен, а коментарите на нашите извидници „децата во понеделник нема да препознаат дека ова е нивната градинка“. Со малку боја и многу голема желба да се направи нешто корисно за заедницата успеавме да придонесеме до позитивна промена и се надеваме многу среќни деца од понеделник. Во акцијата ни помогнаа и други волонтери од ПСИО, како и дел од персоналот заедно со директорката кои се потрудија да не им недостига ништо на извидниците додека работат. Имено оваа градинка не ја обновило фасадата бидејќи веќе 5 години општината има цел да ја сруши и направи нова – но зарем во овие 5 години нема деца што доаѓаат? – коментираа извидниците. Апелираме до поголем надзор врз овие објекти со цел спречување вандализам врз објектите во кои ни се едуцираат и воспитуваат децата.

Линк до видео

Линк до албум со фотографии

4. Храна за сите птици во Градски парк

Нашите најмали извидници - развигорците од јато Трски заедно со својот водач Мартина Тасева и волонтери од ПСИО во саботата направија прекрасно дело. Тие се одлучија да реупотребат стари пластични шишиња и да ги приспособат како резервоари за храна за птици. Со скалата под рака од дрво до дрво наредија 20тина резервоари со храна низ нашиот Градски парк.

Линк до албум со фотографии

5. Чистење на Марково Крувче

Патролата Лилјаци со водачот Димитар Тануровски се решија за добро дело, да го искачат Водно и да го посетат Марково Крувче со цел активности за посетителите на Водно но и собирање отпад од несовесни граѓани. Коментарите на извидниците не беа позитивни. Цело Водно преполно со автомобили – а меѓу нив отпад колку ти душа сака. Канти за отпад има насекаде, а таму кај што нема нормално дека не треба да се фрли отпадот на земја туку да се причува во џеб и потоа соодветно да се фрли во канта. Не ни е јасно и не можеме да разбереме што имаат во глава овие луѓе што така само си фрлаат шишиња, хартии, фискални, конзерви и што се не. Најчесто и најмногу ѓубре собравме од места каде веќе имало стар отпад – сигурно несовесните си мислеле – а тука има кога ќе го собираат тоа нека го соберат и моето. Затекнавме и фамилија која откако се најаде го остави отпадот на една од клупите. И пријдовме и и рековме дека треба да го земе и да го фрли. Не погледнаа напреку и ни рекоа „а тоа не е наше“. Како да им објасниме на нашите сограѓани дека отпад

е отпад ПА ШТО АКО НЕ Е ВАШЕ (а беше нивно). Апелираме до сите – отпадот е за во канта за отпад, на никој нема да му се слоши ако фрли отпад од некој друг, напротив ПРОБАЈТЕ и кажете ни како сте се почувствувале во тој момент.

6. Храна за гладните луѓе низ скопските улици

НИКОЈ НЕ ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ ГЛАДЕН, една од најемоционалните акции кои ги спроведува ПСИО секоја година е делење храна за гладните низ скопските улици. И оваа година се собраа вредните извидници со својот водаш Николај Василев и подготвија вкусни сендвичи кои ги поделија. Емоциите не недостигаа и од среќа бидејќи си направил некого среќен, но и од тага бидејќи никој не треба да остане гладен. Јатото Орхидеи за прв пат оваа година се впуштија во мисија за добро дело. Низ оваа акција не само што успеавме да поделиме 100тина сендвичи туку и се запознавме подобро со нашата чаршија, битпазар и кале.

Линк до албум со фотографии

7. Посета на децата од 25 Мај

Оваа година јато Кактуси со својот водач Миа Настев ги посетија децата од ЈУ „25 Мај“. Од минатата година сите деца од оваа установа се поделени во така наречени мали групни домови, па ние како извидници решивме да посетиме еден од нив и да се дружиме со децата кои живеат таму. По побараната дозвола за посета и организација на активности, ги земавме лаковите и стрелите, магнезиумот и јажињата за јазли и стигнавме во куќата каде не пречекаа со насмевка и задоволство. Се забавуваме сите заедно и се договоривме дека дел од нив ќе ни се придружат како редовни извидници во нашиот одред.

8. Нашата шампоинска патрола Рисови која минатата година го освои првото место на Државниот извиднички ориентационен натпревар заедно со својот водач Виктор Гилев во на 22 февруари беа распределени низ пазарчето Буњаковец и им помагаа на нашите сограѓани со товарот кој го носат. Тие беа на располагање да им ги носат торбите на граѓаните до својот дом, автобус, кола и сл.

3. Хајк Водно-Матка 20.04.2019

На 20 април се одржа првиот хајк од проектот Кликни ЛАЈК ако си за ХАЈК. Хајкот беше со должина од 15 километри, а почнуваше од ооу„Кочо Рацин“ до средно Водно - Крстовар - Матка - камп Саламандер. Предизвикот беше голем но сите храбро ја поминавме. Целта на проектот е да обезбеди алтернативен, иновативен начин на подигање на свеста кај децата и младите за квалитетен живот, корисно искористено слободно време преку социо-едукативни и еколошки активности. Преку овој проект се стремиме кон здрава и чиста животна средина, проактивно одржување на физичката кондиција и мотивирање на социјално вклучување на повеќе од 200 деца и млади од различни етнички групи

4. Еко рафтинг 2019

На 12 мај се одржа ЕКО рафтинг со краток хајк од проектот Кликни ЛАЈК ако си за ХАЈК. Рафтингот беше организиран и започна од железничка станица Зелениково до Велес и траеше 4 часа. Предизвикот беше голем, Таорска клисура магична, а секако најавантуристичко беше поминувањето на тн БУК. Во клисурата реката Вардар изградила неколку ерозивни проширувања, меѓу кои најпознато е она што се наоѓа меѓу селата Зелениково и Пакошево. Целта на проектот Кликни ЛАЈК ако си за ХАЈК е да обезбеди

алтернативен, иновативен начин на подигање на свеста кај децата и младите за квалитетен живот, корисно искористено слободно време преку социо-едукативни и еколошки активности.

5. Пролетни бакнежи и прегратки 2019

Традиционално секоја пролет Прв СКопски Извиднички Одред го организира националниот натпревар ПБП и секоја година на различна тема. Оваа година темата беше ЕКО херои, а целта секако да упатиме апел дека треба и мора да се грижиме за нашата околина да биде чиста и да се трудиме колку можеме повеќе да го селектираме отпадот. Во тој дух оваа година како предзадача извидниците имаа да донесат 20 пластични шишиња и 10 конзерви кои со помош на Пакомак и извидниците беа селектирани и однесени на отпад. . На натпреварот активно учество земаа 27 екипи од сите скопски одреди како и одредите од Кичево и Охрид. За целата акција/натпревар да помине во одлична атмосфера се погрижија повеќе од 30 извидници од ПСИО кои беа контролори, пакуваа храна, фотографираа и сл. Првите три места освоиа медали и пехари кои беа изработени со реупотреба на пластични шишиња.

6. Хајк Кожле-Карабуниште-Гумалево-Градовци

На 13 јуни, јуначки го поминавме еден од најпредизвикувачките хајкови со должина од речиси 35 километри. Хајкот се протегаше од село Кожле преку Карабуниште до Гумалево каде се разладивме во Кадина река, за на крај да се искачиме до село Градовци. Топлото време беше тешко да се издржи но позитивниот дух и неверојатната природа која не следеше ни даде сила да ја поминеме замислената рута.

7. Одбележување на Денот на независноста 08.09.2019

Овој пат поздрави ни праќаат нашата патрола Лилјаци кој во чест на Денот на независноста ја искачија Галичица.

8. Ден на Граѓанските организаии 14.09.2019

Денес неколку волонтери на ПСИО заедно со уште 80тина граѓански организации во Скопје учествуваа на отворениот ден на ГО во организација на Цивика Мобилитас.

9. Хајк за климатски промени 21.09.2019

Денес извидниците од ПСИО хајкот до Водно го посветија на климатските промени. Имаме една планета, една Земја...по пат им го собравме и отпадот на несовесните планинари.

10. Завет Есенски бивак 2019

На првиот ден од Есенскиот бивак традиционално даваа завет новите извидници од ПСИО. Ги фрливме во вечниот оган дрвцата со нашите имиња и ја примивме ПСИОвската марама со ветување дека ќе живееме и работиме по извидничките закони и ќе се трудиме да го оставиме светот подобро место за живеење.

11. Садење цвеќиња во ООУ.Ј.Х.Песталоци

На 23.10.2019 Прв Скопски Извиднички Одред заедно со неколку родители од Песталоци и нивните деца во Донација од Француска Амбасада решија да го исчистат училишниот двор

и да го разубават со цветни садници.Благодарност до сите што придонесоа за по убава околина на нашето општество.

12. Halloween 2019

Оваа година журката под маски за Ноќта на вештерките ја направивме во клуб Маракана. Дојдоа стотина извидници маскирани во вештерки, духови, ликови од Марвел, разни животни, тикви, зомбиња, гангстери и што уште не. Секако сите присутни имаа и можност да го дадат својот глас за една маска која според нив е најкреативна и победник беше Миа од Коприви која беше маскирана во суперкул пајак. Им благодариме и на момците од Маракана кои беа прекрасни домаќини и ни помогнаа во се.

13. Хајк Љуботен 2019

На 2 ноември нашите извидници се впуштија во нова авантура и организираа хајк до планинарскиот дом Љуботен. По иницијатива на Амелиа и нејзиниот водач Тануровски заедно со уште 10тина извидници и поддршка од родител ја прошетаа Шара. И покрај временските услови си поминаа супер, се размрдаа на чистиот воздух кој го нуди планината. Мотивирани најавија уште многу вакви хајкови во следната година за кои се надеваат на повеќе учесници. Овој хајк беше последен од низата Кликни ЛАЈК ако си за ХАЈК поддржани од Агенција за Млади и Спорт.

14. Садење цвеќиња во ООУ Коле Неделковски 15.11.2019

На 15 ноември 2019г. извидниците од ПСИО, учениците од ООУ Коле Неделковски со поддршка, донација и работна рака на ИТ компанијата Allocate software засадија 32 зимзелени дрвца од типот Thuja smaragd 80-100cm. Преку работа и забава успеавме да го разубавиме и зазелениме дворот на училиштето без притоа да им го одземаме просторот за трчање на децата. Вежбањето волонтерство, општествено одговорна работа преку забава е еден од клучните сегменти за правилен развој кај децата и младите како и создавање на идни општествено корисни граѓани. Благодарност за соработката со компанијата, директорката и педагогот на училиштето кои беа прекрасни домаќини и до претставниците на Општина Центар кои дојдоа да ни ја дадат поддршката во нашето добро дело. Ова е прекрасен пример како меѓусекторската соработка позитивно придонесува за својата заедницата со продуктивни акции сега и веднаш.

2.2 Повеќедневни настани организирани од ПСИО

15. Зимување 2019-Михајлово

Во период од 13 до 17 јануари, речиси 80 ПСИОвци заедно уживаа во убавините на планината Кожуф со надморска височина од 1200 м, во Детското одморалиште Михајлово. Деновите ни беа исполнети со многу активности како натпревари во санкање, градење на најдобра снежна фигура, „ (не)возможна мисија“ преку која извидниците осознаваат дека секој предизвик се решава само со тимска работа. Извидниците имаа можност да научат и да ги усовршат своите вештини во Прва помош и заштита, Декодер, Извидник научник и Познавач на историја на извидништво, како и да ги полагаат истите вештарства. Покрај

овие, на зимувањето се полагаше и Драма, како и Курир за оние најхрабрите кои гладуваа и молчеа 12 часа.
Вечерите ни беа исполнети со дружба и смеа, забавни извидnички квизови, филм, но секако и роденденска забава за Снеже со слатки изненадувања и многу танцување.

16. Тим билдинг 2019

Во период од 01-03 март 2019 год. речиси сите водачи и членови на младинскиот клуб се собраа во Шумско домче на Китка каде беше организиран досега најзабавниот тим билдинг. Исполнет со извиднички активности, забава, предизвици, натпревари и ФИЗИЧКА работа (благодарение на нашиот чичко Тоше). Цела програма беше креирана со цел да се зајакне тимската работа и подигне тимскиот дух на ПСИОвските извидници и да се поттикне уште поголема соработка при креирање на идни состаноци и настани. Секако и ограомна благодарност за лудата off road авантура која ни ја пружија Шајка, Луди Дино и пријателите.

17. Пролетен бивак 2019-Китка

Во период од 26-29 април Прв Скопски Извиднички Одред го организираше традиционалниот пролетен бивак во пределот на планините Китка и Караџица. На настанот присуствуваа повеќе од 70 деца и млади кои имаа можност да уживаат во природата и атрактивните активности организирани од страна на водачите на ПСИО. За одличната програма сакаме да упатиме огромна благодарност до АмЧам и сите компании кои го подржаа проектот Шумско школо. За време на овој бивак извидниците се соочија и со еден од највозбудливите и предизвикувачки хајк од Китка до Караџица со должина од 14 км. Храбро издржавме сите, а наградата секако беше прекрасната природа која ја нуди Караџица.

18. Летен камп Борачко езеро 13.07-22.07.2019

Ова лето Прв Скопски Извиднички Одред, својот одредски летен камп го организираше во извиднички центар Борачко езеро, Босна и Херцеговина. Кампот се одржи од 14 - 22 јули 2019 г.На кампот имавме можност да учествуваме на многу адреналински активности како зиплајн, адреналински парк,рафтинг и многу разни активности и игри кој беа организирани од страна на водачите од ПСИО.Еден ден од кампот одвоиме за посета на познатиот Титов бункер.Вечерите ни беа исполнети со многу КЗП како маскембал, евровизија пеење на логорски оган и др.И како за крај сите си отидовме со многу насмевки, спомени, нови другарства и вештини стекнати.Исто така и огромна благодарност до извидниците од Зеница, Старешината Лејла, началникот Мелиса, деда из кантине и целиот штаб кој се грижеше да не ни недостасува ништо.

19. Есенски бивак 2019-Китка

Во период од 10 до 13 октомври во Извиднички дом „Чичко Боро“ се одржа традиционалниот ПСИОвски есенски бивак. 90 извидници од ПСИО ја размрдаа Мала Река на планината Китка која не почасти со чист воздух и многу авантура. Првиот ден ни беше резервиран за градење на камп и свечено давање извиднички завет. Вториот ден и покрај утринскиот дожд го искористивме за кул работилници како одење по слеклајн, стреличарство, пуштање по

зиплајн, скокање на трамболина, играње скаутбол и ултимејт фризби. Вежбавме ППЗ, декодирање и врзување јазли за последниот ден да може да се покажеме и да пробаме да го освоиме вештарството. Секако не го изоставивме и хајкот низ прекрасниот предел па така покрај реката, по брдото стигнавме и до нашиот водопад. Третиот ден го посветивме на пионерство, тим билдниг активности и кратка стаза со разновидни мисии кои требаше да се направат. Вечерите ни беа исполнети со журка покрај логорски оган и караоке.

2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО

20. Scout exchange Macedoinia vs Belgium 22.07-28.07.2019

Во период од 5 до 9 јули 2018 год. во организација на ПСИО се одржа младински камп со извидници од Македонија и Белгија кој активно учество земаа повеќе од 30 извидници.
Кампот се одржуваше 2дена на Китка,
Мала река и 3 дена во Извиднички Центар Охрид.
Деновите ни беа исполнети со многу активности организирани од страна на ПСИО и белгиските извидници.

21. Scouts United 5-9.12.2019

SCOUTS UNITED had its first activity Scout exchange “Scouting for change” which took place in Scout Center Ohrid from 5th till 9th of December and was organized by First Scout Unit of Skopje in partnership with Scout Unit Mladen Stojanovich – Prijedor, Scout Unit Gojko Krushka – Cetinje and Scout Association of Nish. The exchange was attended by 32 participants - 8 young scouts from each partner organization.
This scout exchange was devoted to team and group building activities, youth activism, intercultural dialogue and learning, communications skills, conflict resolution, peace building sessions with accent of pyramided of peace and reconciliation, dialogue for peace and diversity and inclusion.

2.4 Меѓународни активности посетени од ПСИО

22. Self-Esteem For Us

Нашите извидници од Македонија во период од 18 до 25 мај присуствуваа на првиот дел од младинската размена насловена како Self-Esteem for us. На размената учествуваат Бојан и Владимир од ПСИО, Илина и Срна од Галеб и Сара од Мирко Милески.

23. The Academy 2019

Оваа година нашите посветени водачи и волонтери Иван и Софија ја имаа можноста да бидат учесници и дел од 230 извидници од 48 земји присутни на Извидничката Академија 2019 во Словенија, Крањска Гора. Академијата која се одржа од 2-7 ноември 2019г. претставува уникатен настан за извидници дизајниран за да им овозможи на учесниците да добијат висококвалитетни обуки и можности за мрежно поврзување околу основните приоритети на WAGGGS и WOSM. Тие имаа можност самите да си ја креираат агендата од многуте понудени сесии и теми од неформалното образование кое станува се неопходно за иднината на младите и нивните кариери. Претставниците на Сојуз на извидници на Македонија имаа можност да бидат вклучени и да научат нешто повеќе во областа на: Изградба на систем за мониторинг и евалуација,Гласови против насилство,

Пол и различности, Цели за одржлив развој (SDG), Стратешко планирање за успех, Застапувањето е за сите, Лидерството е практика, а не вештини - Нов модел на лидерство, Нов пристап кон организациониот капацитет, Woodbadge систем, Безбедност на Интернет и активно граѓанство, возрасни во извидници, управување со волонтери, Како да се зајакне сликата за извидниците во својата земја,Како да се најдат можности за финансирање, дијалог за мир и многу други.

24. My Europe,My say

The My Europe, My Say project is an initiative led by the European Region of the World Organization of the Scout Movement. It aims at fostering youth political participation in the upcoming European Elections in May 2019 and reinforcing a sense of civic engagement among Scouts and non-Scouts.
Real more at https://www.scout.org/node/503486
Ivana Mancevska & Aleksandra Radevski as representatives from
Сојуз на извидници на Македонија - Scout Association of Macedonia First Scout Unit of Skopje, Macedonia.

2.5 Национални активности посетени од ПСИО

25. Ден на извидниците 22.02

По повод 22 Февруари денот на извидниците повеќе од 100 развигорци и извидници од Скопје, Прилеп и Штип се собраа точно во 10 часот на плоштад каде што го поздравивме нашето знаме со химната и свечено го отворивме денот. По оваа извидничка церемонија, сите во колона со марш во чест на Светскиот ден на извидниците, заминавме до парк каде следеа активности и топол чај.

26. This is her story

На 22 Февруари имавме проекција на документарен филм This is her story на Игор Христов за инспиративни приказни за жени кои се занимаваат со екстремни спортови. Секако најубава приказна беше онаа на Илина Арсова (поранешен член на ИПО Галеб), која е во фаза на искачување на 7 највисоки врвови на нашите 7 континенти.

27. Outdoor festival 2019-Демир Капија

Спортскиот клуб "Клисура" од Демир Капија во соработка со општина Демир Капија шеста година по ред го организира најдоброто нешто во земјава - интернационалниот фестивал за спортови во природа International OUTDOOR festival 2019
Оддржувањето на сите спортско-рекреативни и други активности во склоп на фестивалот се одржаа во прекрасната и раскошна природа на територијата на општина Демир Капија. Целта на овој голем настан е преку рекреативното спортување во природа и дружење, и ширењето на позитивните вибрации да се постигне зајакнување на вредностите помеѓу младите, толеранција, почит на различности еколошка свесност, здрав начин на живеење, креативен активизам итн.

28. Водени лудории 2019

На 14.06.2019 ИПО Галеб ја одржа својата акција Водени Лудори со 110 извидници од ПСИО, ИО ММ Брицо, ИПО Јадран, ИО Браќа Миладиновци, ИПО Сидро и ИО Скаут 5 часа играа, се забавуваа, пееа и добро се намокрија.
Извидниците со поминувањето на сите контролни точки успеаа да ги соберат магичните алки и да ги закачат на тотемот на Мадагаскар, којшто со добиените дарови ги ослободи заробените животни. Но извидниците не само што ги ослободија овие животни тие исто така донираа 23кг храна за кучиња за којашто ќе се погрижат Daisy family rescue да ја добијат многу улични кучиња. ПСИО, ИО ММ Брицо, ИПО Јадран, ИО Браќа Миладиновци, ИПО Сидро и ИО Скаут 5 часа играа, се забавуваа, пееа и добро се намокрија.
Извидниците со поминувањето на сите контролни точки успеаа да ги соберат магичните алки и да ги закачат на тотемот на Мадагаскар,којшто со добиените дарови ги ослободи заробените животни. Но извидниците не само што ги ослободија овие животни тие исто така донираа 23кг храна за кучиња за којашто ќе се погрижат Daisy family rescue да ја добијат многу улични кучиња.

29. 46ти Меморијал ,,МаркоГраорковски“

Повеќе од 200 учесници и гости извидници присуствуваа викендот од 19-21.04 на 46 Меморијал Марко Граорковски.
Од ПСИО учествуваа клубот Рисови кој освоја 2 место во категоријата извидници и патролата Лилјаци кој освоја 6 место во категоријата извидници.

30. Ден на Граѓанските организаии 14.09.2019

Денес неколку волонтери на ПСИО заедно со уште 80тина граѓански организации во Скопје учествуваа на отворениот ден на ГО во организација на Цивика Мобилитас.

31. Државен Извиднички Ориентационен Натпревар 2019г.

Во периодот од 10-13 октомври 2019 година, Сојузот на извидници на Македонија заедно со домаќинот Извидничкиот Одред Гоце Делчев го организираа Државниот Извиднички Ориентационен Натпревар - ДИОН 2019. Натпреварот се одржа на повеќе локации во Општина Свети Николе и село Орел. Повеќе од 100 извидници од целата држава имаа викенд исполнет со многу предизвици. Вкупно беа изминати околу 50 километри, 20 успешни бивакувања, 16 контролни точки, исцртани 100-тина скици, итенирери, кроки, профили и уште многу други задачи за овие 4 дена..Претставници од ПСИО што учествуваа се клубот Рисови кој освоја второ место во категоријата извидници.

32. Септемвриски извиднички средби 2019

Во период од 13-15 септември нашите другари извидници од Кичево ИО Мирко Милески традиционално ги организираа Септемвриските средби отворени за сите генерации извидници. ПСИО зема учество со 30 членови и успеа да освои многу награди и им честитаме за одличната организација.

33. Civica Mobilitas - средба за вмрежување на организациии

Во период од 26 - 27 ноември 2019 во хотел Метропол, Охрид, Civica Mobilitas ја организираше годинешната средба за вмрежување на организациии на тема „Декада на Цивика мобилитас: искуства, учење и патот напред“. Секако ништо не поминува без нас ;)
На настанот присуствуваа Ивана Манчевска, Бојан Ѓошев и Александра Радевски како претставници на First Scout Unit of Skopje, Macedonia и Сојуз на извидници на Македонија - Scout Association of Macedonia. Фокусот беше на постигнувањата на грантистите во изминатите 10 години од програмата Цивика мобилитас, растењето на заедницата и нејзината заедничка агенда. Средбата за вмрежување на Цивика мобилитас е најголемиот собир на претставници на граѓанските организации во земјава и истата претставува

уникатна можност за учесниците, сите заедно на едно место да ги споделат искуствата, да дискутираат за проблемите и здружено да работат на нивно решавање.

34. Новогодишна забава ИПО Галеб

Најдобрата новогодишна забава се оддржа по 6ти пат во клубот Маракана. 130 извидници од ИПО Галеб, ИО Скаут, ПСИО, ИПО Јадран, ИПО Сидро и ИО ММ Брицо се забавуваа, иргаа, пееја и се натпреварувааа. Со оваа забава заокруживме уште една успешна извидничка година и подготвени сме да ја пречекаме новата 2020 година којашто ќе ни донесе нови предизвици.
Благодарност до Витаминка што ни ја збогатија забавата со супер грицки.

3. Новости во ПСИО

Во новата 2019 година примивме 20 нови извидници кој се зачленија во јата и патроли и исто така имаме ново јато Лалиња кое е предводено Александра Радевски.
Во 2019година исто така доделивме уште еден тотем на наш посветен извидник Иван Велковски. ТОТЕМ во извидничката кариера е нешто ново кое започнуваме да го имплементира, а претставува важен момент во извидништвото во повеќе држави. Наш ментор во спроведувањето е извиднички одред од Белгија. Тотемите носат имиња на животни (за кои одлучивме ќе ги задржиме оригиналите, без превод), а се доделуваат според заедничките карактеристики со извидникот, кои пак ги следат поискусните извидници. Тотеми добиваат сите извидници - водачи од страна на извидник кој веќе има свој.

Дел од новата опрема за Шумско домче Mala Reka - Borisova Naselba - кое прерасна во шумско школо, каде се учи преку работа, а се работи во природа. Проектот Шумско школо е поддржан од AmCham Macedonia и компаниите: Телеком, Макпетрол, Пивара, Алкалоид, Поленак, Инбокс и Зегин., а следат уште низа активности преку кои ќе овозможиме и директно вмрежување на компаниите - членки на АмЧам и извидниците, преку кои целиме на уште поголема промоција на животот во природа, извидниците и авантуристичката програма која ја нудат планината Китка и Караџица,новата опрема за Шумско домче е збогатена со нови шатори,камп кујна, тенда, лак и стрели,слеклајн, трамболина, зиплајн и др кое прерасна во шумско школо, каде се учи преку работа, а се работи во природа.
Исто така Домче конечно после 50тина години има нов под спремен да биде газен од нашите извидници и го опремивме дворот на нашето Домче со разубавување на просторот. Со малку труд, работа и реупотреба на стари клупи, држач за точаци и канта направивме одлично место за релакс и комшиски муабет.
ПСИО на секои 2 години ја менува својата униформа/маица со тоа што овој септември па се до 2021година официјалната боја е темно зелена.
Оваа година за акцијата Есенски бакнежи и прегратки 2019 организирана од ПСИО за постарите извидници 16+ направивме и нови дуксери Sex Scouts & Rock & Roll.
Сојуз на извидници на Македонија - Scout Association of Macedonia ја додели наградата ИЗВИДНИК за 2019 година и истата свечено ја прими нашиот вреден и посветен извидник-волонтер во Прв Скопски Извиднички Одред БОЈАН ЃОШЕВ.

На церемонијата за објавување на добитниците на Наградата за младинско учество, која се доделува во рамки на Civic Engagement Project-North Macedonia, беа наградени поединци воедно и наш извидник кои работат на подобрување на општеството. Овогодинените добитници се Tijana Spasovska, Blaze Josifovski, и Viktor Gilev - во индивидуалната категорија, и Youth Can - Младите Можат, Здружение за дислексија Ајнштајн и MELEEM Skopje - во категоријата на неформални групи на млади и младински организации.
Огромна благодарност до нашите пријатели и поддржувачи кои и во 2019 година беа тука за да ни помогнат: Ладна вода, Триглав, Ин Брокер, Данаи фарм, Конто Офис и други донации од страна на пријателите на извидниците.

4. Проекти

РЕФЕРЕНТНА ЛИСТА ЗА ИЗРАБОТЕНИ ПРОЕКТИ ВО ПЕРИОД ОД 2017-2019 ГОДИНА

Спроведувач: Прв Скопски Извиднички Одред

*Проектите на листата не се хронолошки подредени.

** На листата не се прикажани европски проекти од програмата Еразмус + финансирани од Европска Комисија, како и проекти на кои здружението било партнер апликант.

Бр.	**Донатор** **Име на проект**
1.	**Град Скопје (сектор образование)** **Секс, извидници и рокенрол (2019)**
	 Цел на проектот: Проектот цели кон добивање анализа на постоечкиот пристап за сексуална едукација кон младите на локално ниво како и разгледување и препорачување на конкретни активности. Запознање со темата сексуалното здравје преку забавен, интерактивен и иновативен начин Едукација за правата на младите, преку обезбедување на информации, знаење и вештини на живеење како и зголемен пристап за информираност каде сè можат да се обратат и побараат услуги кои се по мерка на младите. Ставање посебен акцент на информирање за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје, ХИВ/СИДА, инфекции пренесени преку сексуален и крвен пат, несакана бременост и избегнување на небезбеден абортус. Резултати: Р1. Вклучени повеќе од 600 млади во работилници за сексуално и репродуктивно здравје и истите се едуцирани за сексуалното и репродуктивното здравје, ХИВ/СИДА, инфекции пренесени преку сексуален и крвен пат, несакана бременост и избегнување на небезбеден абортус, Р2. Подигната свеста за воведување на редовни часови за сексуална едукација во 15 средни училиште во Град Скопје, Р3. Поттикнати повеќе од 600 млади да посетат информативен центар за сексуална едукација, Р4. Зборот СЕКС не е табу тема и младите не се срамат да постават прашања, Р5. Вмрежани 60 млади на едукативен камп за подигнување на свеста за сексуална едукација, живот во природа и општа култура.

	Р6. Промовирани извидниците и градот Скопје како општествено одговорно и активно тело на социјални мрежи и тв медиуми.
2.	**Град Скопје (сектор за меѓународна соработка)** **ЕКО бивак (2019)**
	Цел на проектот: Проектот цели кон поттикнување на физичкиот, интелектуалниот, социјалниот, емоционалниот и духовниот развој на децата и младите луѓе, така што тие ќе заземат конструктивно место во општеството како одговорни граѓани и како активни членови на нивните локални, национални и меѓународни заедници. Овој преокт има еко цел и преку вмрежување на деца и млади во природа да се подигне свеста за важноста на природата во нашите секојдневни животи. Проектот како специфична цел има обука на млади за стекнување на работни/креативни вештини во природа преку инклузивна тимска работа што подразбира вклучување на деца и млади со помалку можности. Резултати: 1. Подобрено психо-физичкото здравје кај децата и младите преку директен контакт и престој во природа 2. Вмрежани 80 деца од различни социо-економски позадини 3. Крената еколошката свест кај повеќе од 80 деца и млади и истите мотивирани да го шират своето стекнато знаење 4. Промовирани извидниците и Град Скопје кои поддржуваат здрав и квалитетен живот во природа.
3.	**Агенција за млади и спорт** **Кликни ЛАЈК ако си за ХАЈК (2019)**
	Цел на проектот: Целта на проектот е да се овозможи различен и иновативен начин кон подигање на свеста кај децата и младите за квалитетен живот, корисно поминато слободно време преку социо-едукативни и еколошки активности. Преку овој проект целиме кон здрава и чиста животна околина, про-активно одржување на физичка кондиција, подигање на нивото на еко едукација и мотивација за запознавање на нашата земја преку интеграција на поцеќе од 200 деца и млади од различен етникум. Овој проект има за цел и промовирање на извидниците како сервисен тим на Агенцијата за млади и спорт која се грижи и стреми кон активни деца и млади оттрганти од технологијата и чување на здрава животна средина. Резултати: 1. Вмрежани 200 деца и млади од различен етникум, култура и религија и нивен социјален развој и социјална интеграција преку квалитетно неформално образование 2. Промовирана екологијата како важен аспект за квалитетен живот

	 3. Стимулирани деца и млади за живот во природа, наместо пред технологја 4. Одржани 4 работилници на тема духовност (љубов, другарување, чувства на радост и среќа) 5. Видео запис од настаните 6. Промовирана Агенција за млади и спорт како промотор 7. Подигнат квалитетот на живеење на 200 деца и младите преку корисно поминување на слободно време преку социо-едукативни и еколошки активности 8. Креирана годишна програма - акции за подобрување на квалитетот на живот
4.	**Американска Комора на РС Македонија** **Шумско школо (2019)**
	Цел на проектот: 1. Овозможување креативна и атрактивна планинаска средина 2. Создавање и фацилитирање на учење од заеднички искуства кои ги поттикнуваат децата и младите да бидат одговорни личности корисни за нашето општество. 3. Промовирање на извидниците и донаторот кој се грижи и стреми кон активни деца и млади оттрганти од технологијата и чување на здрава животна средина 4. Поттикнување правилен социјален, физички и емоционален развој кај децата и младите 5. Современа и достапна програма за работа во природа Резултати: 1. Вмрежани 300 деца и млади од различен етникум, култура и религија и нивен социјален развој и социјална интеграција преку квалитетно неформално образование 2. Стимулирани деца и млади за живот во природа, наместо пред технологја 3. Креирана програма и обезбедени реквизити за престој во природа отворена за сите љубители на планината 4. Видео запис од проектот 5. Промовиран престојот во природа како основа за здрав физички, психички и социјален развој кај децата и младите
5.	**Француска амбасада во Скопје** **На извиднички начин (2019)**
	Цел на проектот: Целта на проектот е да обезбеди алтернативен, иновативен начин за подигнување на свеста на децата и младите за квалитетен живот, корисно слободно време преку социо-едукативни активности за животната средина. Преку овој проект, ние имаме за цел здраво и чисто опкружување, проактивно одржување на физичката кондиција, подобрување на нивото и спроведување на еко-едукација во нашата земја и мотивирање на социјална вклученост на повеќе од 200 деца и млади од различни етникуми. Резултати: Р1. Промовиран граѓански ангажман како важен аспект за квалитетот на животот

	P2. Стимулирани деца и млади за живот во природа, отколку технологија за зависности P3. Две места во Скопје со нов изглед P4. Промотивно видео записи за настаните P5. Промоција и подобрување на знаењето за Француската амбасада како приврзаник за околината P6. Подигнат квалитетот на животот на 80 деца и млади преку корисно трошење на слободно време и преку социо-едукативни и активности за животната средина
6.	**ЕУ за ТЕБЕ** **Кликни ЛАЈК ако си за ХАЈК (2019)**
	Цел на проектот: Целта на проектот е да се овозможи различен и иновативен начин кон подигање на свеста кај децата и младите за квалитетен живот, корисно поминато слободно време преку социо-едукативни и еколошки активности. Преку овој проект целиме кон здрава и чиста животна околина, про-активно одржување на физичка кондиција, подигање на нивото на еко едукација и мотивација за запознавање на нашата земја преку интеграција на поцеќе од 200 деца и млади од различен етникум. Овој проект има за цел и промовирање на извидниците како сервисен тим на Агенцијата за млади и спорт која се грижи и стреми кон активни деца и млади оттрганти од технологијата и чување на здрава животна средина.  Резултати: 1. Вмрежани 200 деца и млади од различен етникум, култура и религија и нивен социјален развој и социјална интеграција преку квалитетно неформално образование 2. Промовирана екологијата како важен аспект за квалитетен живот 3. Стимулирани деца и млади за живот во природа, наместо пред технологја 4. Одржани 4 работилници на тема духовност (љубов, другарување, чувства на радост и среќа) 5. Видео запис од настаните 6. Промовирана Агенција за млади и спорт како промотор 7. Подигнат квалитетот на живеење на 200 деца и младите преку корисно поминување на слободно време преку социо-едукативни и еколошки активности 8. Креирана годишна програма - акции за подобрување на квалитетот на живот
7.	**Регионалната канцеларија за млади на Западен Балкан „РИКО“** **Обединети извидници!** **Научи, направи, биди извидник (2019-2020)**
	Цел на проектот: Целта на проектот е да се зајакнат младите луѓе од извидничкото движење во создавање соодветна мултикултурна мрежа и градење патеки за одржлива соработка за прашања поврзани со градење на мирот, учество на младите и младинска работа. Исто така, тоа ќе има големо влијание во процесот на помирување преку зголемување на мобилноста на младите и овозможување на средина за регионална младинска соработка. Ова е проект што менува живот, кој ќе отвори нови перспективи за иднината на младите луѓе, а исто така ќе обучува извидници за тоа како тие можат да градат социјална кохезија во нивните заедници.

	Резултати: P1. Најмалку 30 обучени млади извидници способни да водат и организираат активности што промовираат и се залагаат за регионална соработка и градење на мирот P2. Распространета мрежа на млади преку промовирање на меѓусебно разбирање и интеркултурно учење преку најмалку една организирана обука за најмалку 32 учесници. P3. Најмалку 4 состаноци на извиднички активности по земја, посетени од најмалку 10 лица од секоја земја-партнер P4. Најмалку 400 млади луѓе кои ќе посетат работилници за градење на мирот P5. Најмалку 400 млади ќе ја научат извидничката историја и ќе бидат мотивирани да прават промени во иднина P6. Најмалку еден потпиша Меморандум за извидничко движења со земјите партнери.

5. ПСИО во медиумите

Извор: Интернет-онлајн сервиси на национални телевизии, дневни весници, неделни магазини, портали за вести
Јазик на оригиналните статии: македонски
Дата на сите записи: 2019 година

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
1.	Радио гостување	Најава за зимски извиднички камп	01.2019
2.	ТВ 24 Гостување во утринска програма	Гостување на Снежана Јанковиќ, Ива и Никола Ташкови на тема зимски извиднички активности. Линк(link)	09.01.2019
3.	Радио МОФ „Како толку лесно некој фрла отпад во природа?“ – Скопските извидници го чистеа Водно	Само во првите 300 метри на Водно наполниле десет 110 литарски вреќи отпад, велат од Првиот скопски извиднички одред (ПСИО), кои вчера со нивните извидници од јатата „Коприви“ и „Бамбуси“ одржаа акција на чистење на планината. Линк(link)	10.02.2019
4.	Мајски цвет Нова фасада на градинска	Денес Сабота -16.02.2019 година во 10 часот започна фарбање на фасадата на градинката ЈУОДГ "Мајски Цвет" Објект Тафталиџе 1.	16.02.2019

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
		Благодарение на децата од Првиот скопски извиднички одред, јато Бонсаи и патрола Кобаја, сите заедно во добро расположение, среќни и со елан за работа, со еколошки бои објектот "Тафталиџе 1" доби поубав лик. Голема БЛАГОДАРНОСТ до Првиот скопски извиднички одред од вработените и децата на ЈУОДГ "Мајски Цвет" -Карпош, Скопје. Линк(Link)	
5.	Deca.mk Како може некој што ги сака планините да фрла ѓубре, се чудат децата-извидници	При акцијата на Водно најмногу се собраа пластични шишиња, чаши од кафиња, лименки. Со оваа група извидници беа нашите водачи Бојан Ѓошев – јато Бамбуси, Владимир Камбовски и Ивана Манчевска – јато Коприви, на кои им беше навистина тешко да им објаснат на децата зошто некој што оди на планина и ја сака природата, воопшто, фрла ѓубре – вели Јанковиќ. Линк(link)	26.02.2019
6.	Fakulteti.mk Децата-извидници чистат ѓубре, прават сендвичи за гладните, им помагаат на постари лица	Со помош на ваквите акции, децата развиваат емпатија, но и насока за правилен социјален, емотивен и духовен развој. 22 февруари е Светски ден на извидништвото и овој месец се одбележува во 170 држави од повеќе од 50 милиони извидници. Линк(Link)	26.02.2019
7.	ТВ Сител Извидниците апелираат граѓаните да бидат поодговорни и да ја чуваат природата	Гостување на утринска програма со линк во живо во емисијата Ја сакам Македонија. Утрово 4 развигорци од јато Бамбуси - Мила, Јана, Дамиан и Оли заедно со Ѓошев и Манчевска гостуваа преку линк во живо на утринската програма на ТВ Сител. Снимањето беше во близина на полициското на Водно, каде нашите извидници пред две недели направија еко акција и собраа 10тина вреќи отпад....	07.03.2019
8.	GOETHE.DE ЗАЕДНО ПРОТИВ ЗАГАДУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА	Со тоа учесниците ќе може да ја откријат и запознаат природата низ игра, како вистински чувари на природата да спијат под ведро небо во шатори во кампот: „River Camp Salamander“, каде навечер ќе палат извиднички оган, а денски ќе ја доживеат шумата и, пред сè, ќе научат многу за заштитата на животната средина и за природата (во Германија), а притоа многу ќе се забавуваат. Линк(Link)	08.04.2019
9.	Factor.mk АмЧам собра 1.500.000 денари за општествено корисни проекти	Се надевам ќе инспирираме повеќе вакви иницијативи кои ќе овозможат приватниот сектор да инвестира во решавање општествени проблеми”, изјави Дијана Десподов, извршна директорка на Американската стопанска комора во Македонија. Линк(link)	10.04.2019
10.	МТВ 1 Тв прилог, гостување на утринска програма	Гостување на Снежана Јанковиќ од Прв Скопски Извиднички Одред во врска активностите на извидниците и соработката со АмЧам – Шумско школо и тековни извиднички активности Линк(link)	23.04.2019
11.	Запознај ги скопјани	Интервју со Касија Сентиќ Габер, извидник во Прв Скопски Извиднички Одред Линк(Link)	07.05.2019
12.	Facebook ЕКО рафтинг за почист Вардар	На 12 мај се одржа ЕКО рафтинг со краток хајк од проектот Кликни ЛАЈК ако си за ХАЈК. Рафтингот беше организиран и започна од железничка станица Зелениково до Велес и траеше 4 часа. Предизвикот беше голем, Таорска клисура магична, а секако најавантуристичко беше поминувањето на тн БУК.	12.05.2019

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
		Во клисурата реката Вардар изградила неколку ерозивни проширувања, меѓу кои најпознато е она што се наоѓа меѓу селата Зелениково и Пакошево Линк(Link)	
13.	Fakulteti.mk Сексот се уште е табу тема за младите, скопските извидници во мисија да се надмине тоа	Со помош на апликација со квиз, извидниците од ПСИО, со поддршка од Град Скопје, се обидуваат да го подобрат сексуалното образование на младите во главниот град Линк(Link)	25.05.2019
14.	Македонско радио	Гостување во Македонско радио – радио Скопје по повод престојната акција, натпревар Пролетни бакнежи, прегратки	30.05.2019
15.	ТВ СИТЕЛ	Тв прилог на утринската програма на ТВ Сител, најава на изивднички активности и подигнување на ЕКО свест	31.05.2019
16.	mms.mk Традиционална извидничка акција „Пролетни бакнежи, прегратки 2019"	Првиот скопски извиднички одред и Институтот за комуникациски студии, во рамки на кампањата за подобра животна средина „Не игнорирај! Реагирај!" денеска во Градскиот парк ја организираат традиционалната извидничка акција „Пролетни бакнежи, прегратки 2019" на тема „Еко херои". Линк(Link)	01.06.2019
17.	Lokalno.mk Традиционална извидничка акција „Пролетни бакнежи, прегратки 2019"	На акцијата, тимови од извидници од 7 до 13 години преку игра, забава и натпревар ќе испратат порака за потребата од селектирање и рециклирање на отпадот, со цел да се подигне еколошката свест. Линк(Link)	01.06.2019
18.	Vecer.press Традиционална извидничка акција „Пролетни бакнежи, прегратки 2019"	Првиот скопски извиднички одред и Институтот за комуникациски студии, во рамки на кампањата за подобра животна средина „Не игнорирај! Реагирај!" денеска во Градскиот парк ја организираат традиционалната извидничка акција „Пролетни бакнежи, прегратки 2019" на тема „Еко херои". Линк(Link)	01.06.2019
19.	A1.on.mk Традиционална извидничка акција „Пролетни бакнежи, прегратки 2019"	На акцијата, тимови од извидници од 7 до 13 години преку игра, забава и натпревар ќе испратат порака за потребата од селектирање и рециклирање на отпадот, со цел да се подигне еколошката свест. Кон еколошката акција ќе се приклучат и ученици од основните училишта од Општина Центар. Линк(Link)	01.06.2019
20.	Канал 5 ТВ Традиционална извидничка акција „Пролетни бакнежи, прегратки 2019"	Традиционална извидничка акција „Пролетни бакнежи, прегратки 2019" На акцијата, тимови од извидници од 7 до 13 години преку игра, забава и натпревар ќе испратат порака за потребата од селектирање и рециклирање на отпадот, со цел да се подигне еколошката свест. Линк(Link)	01.06.2019
21.	24info.mk Традиционална извидничка акција „Пролетни бакнежи, прегратки 2019"	Првиот скопски извиднички одред денеска во Градскиот парк ја организира традиционалната извидничка акција „Пролетни бакнежи, прегратки 2019" на тема „Еко херои". Линк(Link)	01.06.2019
22.	Opserver.mk Традиционална извидничка акција „Пролетни бакнежи, прегратки 2019"	Првиот скопски извиднички одред и Институтот за комуникациски студии, во рамки на кампањата за подобра животна средина „Не игнорирај! Реагирај!" денеска во Градскиот парк ја организираат традиционалната извидничка акција „Пролетни	01.06.2019

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
		бакнежи, прегратки 2019“ на тема „Еко херои“. На акцијата, тимови од извидници од 7 до 13 години преку игра, забава и натпревар ќе испратат порака за потребата од селектирање и рециклирање на отпадот, со цел да се подигне еколошката свест. Кон еколошката акција ќе се приклучат и ученици од основните училишта од Општина Центар. Линк(Link)	
23.	Makpress.mk ИЗВИДНИЦИ ПРЕКУ ИГРА ДЕНЕСКА ЌЕ ЈА ОРГАНИЗИРААТ АКЦИЈАТА „ПРОЛЕТНИ БАКНЕЖИ, ПРЕГРАТКИ 2019“	На акцијата, тимови од извидници од 7 до 13 години преку игра, забава и натпревар ќе испратат порака за потребата од селектирање и рециклирање на отпадот, со цел да се подигне еколошката свест. Кон еколошката акција ќе се приклучат и ученици од основните училишта од Општина Центар. Линк(Link)	01.06.2019
24.	24 vesti Прв Скопски Извиднички Одред	На акцијата, тимови од извидници од 7 до 13 години преку игра, забава и натпревар испраќаат порака за потребата од селектирање и рециклирање на отпадот, со цел да се подигне еколошката свест. Освен од Скопје, на оваа акција се приклучија и извидничките одреди од Охрид и Кичево. Линк(Link)	01.06.2019
25.	Televizija 24 Прв Скопски Извиднички Одред	Вклучување од местото на настанот Пролетни бакнежи прегратки 2019 „ЕКО херои“ Линк(Link)	01.06.2019
26.	Нова Македонија Најмалите најгласни во подигањето на еколошката свест	Извидничката акција „Пролетни бакнежи, прегратки 2019“ на тема „Еко херои“, беше официјално отворена откако водачите на екипите „поднесоа рапорт“ пред својот старешина дека нивните екипи се подготвени за отварање на оваа акција. Оваа извидничка акција беше организирана од Првиот скопски извиднички одред и Институтот за комуникациски студии, во рамки на кампањата за подобра животна средина „Не игнорирај! Реагирај!“. Линк(Link)	01.06.2019
27.	Тв ТЕЛМА Прилог во вестите во 18:30ч	Тв прилог од натпреварот Пролетни бакнежи прегратки 2019 „ЕКО херои“	01.06.2019

6. Волонтери во ПСИО

Бр.	Име и презиме	Функција во Прв Скопски Извиднички Одред
1.	Зоран Шиљковски	Старешина
2.	Снежана Јанковиќ	Началник, координатор на проект, Водач на патрола Кобаја
3.	Бојан Ѓошев	Водач на јато Бамбуси
4.	Димитар Ставрев	Помошник водач на јато Бамбуси
5.	Ивана Манчевска	Водач на јато Коприви
6.	Владимир Камбовски	Помошинк водач на јато Коприви
7.	Николај Василев	Водач на јато Орхидеи
8.	Зоран Ристовски	Помошинк водач на јато Орхидеи
9.	Мартина Тасева	Водач на јато Трски
10.	Амелиа Георгиевска	Помошник водач на јато Трски
11.	Александра Радевски	Водач на јато Лалиња
12.	Димитар Чакар	Асистент на проект, дизајн и видливост, Водач на патрола Мармазети
13.	Виктор Гилев	Асистент на проект, Водач на патрола Рисови
14.	Димитар Тануровски	Водач на патрола Лилјаци
15.	Иван Велкоски	Водач на патрола Бувови
16.	Демјан Анатоли Голубов	Волонтер

7. Финансиски извештај

Финансиски извештај

РАСХОДИ и ПРИХОДИ на ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД

во периодот од
01.01.2019 до 31.12.2019 година

РАСХОДИ	
Потрошени материјали	786.118,00
Превозни транспортни услуги	270.268,00
Членарини	18.000.00
Плати и надоместоци	281.548,00
Други услуги	245.376,00
Други материјални услуги	26.581,00
Провизија за платен промет Други расходи (219)	11.198,00 248.349,00
Вкупно	1.887.438,00

ПРИХОДИ	
Членарини	105.606,00
Донации	674.370,00
Проекти	1.082.443,00
Кампови и работилници	119.950,00
Пренесен дел од претходна година	143.694,00
Вкупно	2.287.370,00